# Мирослав Стојановиќ

# СОБРАНИ ДЕЛА



ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО

Септември 2007

Мирослав Стојановиќ Шуки во својот најнов проект ја отфрла сопствената надеж во простите постулати на разумот со цел да ја генерира надежта во сопственото гледиште кое сака да го согледа видливото и невидливото, материјата и идејата, поединечното и општото, механичкото и флуидното, еросот и геометријата, архетипот и детаљот и најнакрај возвишеното и глупоста.

Насловувајќи ја изложбата Собрани дела (иако самиот наслов може да ни посочи ретровизуелен концепт), Шуки низ процесот на креативната енергија создава по облик сосема нов циклус во кој несомнено е присутна автореференцијална ликовна поетика. Тој создава концепт за инсталација, своевидна виртуелно-метафизичка библиотека со необични книги кои при отворањето предизвикуваат чувство на изненадување кај гледачот. Имено изложените книги својата содржина ја презентираат не преку летричка форма, туку преку ликовна визуелизација. Извонредното чувство за визуелизација на нарацијата на приказната се преточува во претстава, објект, боја, материјализирана супстанца што можно ги синтетизира големите идеи и малите нешта. Материјата во случајов не е форма сама по себе, таа само ја подржува формата во сферите на видливото, а формата пулсира со внатрешен живот проткаен со метафори и значења. Визуелните ефекти еманираат хипертекстуален и естетски крајно рафиниран концептуален аспект на презентација.

Собраните дела гравитираат кон воспоставување на интеракција помеѓу делото/авторот и гледачот/читателот, а експериментирањето со различните материи се синхронизира со различно структурираните концепти. Така се создава обратен процес при исчитувањето т.е. перцепцијата на книгата при што визуелниот податок создава наративна мисловна форма.

Застапувајќи различни книжевни-визуелни жанрови, научна фантастика, историја Кратка историја на српскиот народ, монографија Тхе Ролинг Стонес...) авторот по интуитивен, на места и пародичен пат дошол до одредени решенија опредметувајќи имагинативен и флексибилен свет на претстави со сопствени контексти кои и самите се контексти, во кои не инсистира на сопствената верзија на исчитување, туку дозволува гледачот да состави сопствена приказна. Значи во пораките од визуелните книги не постои една и доминантна вистина, туку сите поединечни вистини се - ВИСТИНИ.

...овој текст можеше да изгледа сосема поинаку во некое друго време и простор, но имајќи во предвид дека уметноста е идеја, одлука, концепт, процес а не завршено дело и воспоставувајќи симбиоза со Собраните дела на Мирослав Стојановиќ Шуки нема да ставам овде точка, туку ќе ставам најмалку три.........

Горанчо Ѓорѓиевски
Кавос-Скопје
септември 2007









Мирослав Стојановиќ – Шуки
Роден 1963 год.во Ниш Србија. Завршил Средно уметничко училиште ви Ниш. Дипломирал во 1990 година на Факултет за ликовни уметности во Скопје во класа на професор Ристо Калчевски. Живее и работи во Скопје.

Самостојни изложби:

| | |
|---|---|
| 2005 | Скопје, Мобилис ин Мобиле,Културен центар точка: |
| | Скопје,Јас + ТИ = Ние, Отворено графичко студио,Музеј на град Скопје: |
| 2001 | Скопје,Финална линија CIX Gallery: |
| | Скопје, ISQ on Water CIX Gallery: |
| 1999 | Скопје, Црвен ветер доаѓа, CIX Gallery: |
| 1992 | Скопје, Културно – информативен центар: |
| 1990 | Скопје,Шуки – Часлав,Галерија на ФЛУ. |

Групни изложби:

| | |
|---|---|
| 2006 | Армитраж Културен центар точка: |
| 1998 | Скопје,Портрет, Четврта годишна изложба на Сорос Центар за современи уметности - Скопје,Х"взи Пашини конаци: |
| 1997 | Скопје,Art Citu, Х"взи Пашини конаци: |
| 1996 | Скопје,Икона на сребро,(cd – rom) Уметничка галерија Дупло: |
| | Скопје,Презентација на Икона на сребро, (cd – rom) проект на 9 македонски уметници (Проект Мистер О ) : |
| | Скопје,Чифте Амам 2, : |
| | Скопје, Лајка – The True Story (SCCA Интернет проект) : |
| 1994 | Скопје, Image Box, Културен центар Мала станица Прва Годишна изложба на Сорос Центар за современи уметности: |
| 1994 | Скопје, Изложба на ликовни педагози, Музеј на град Скопје: |
| 1993 | Скопје, 4 Биенале на млади уметници, Музеј на современата уметност- Скопје: |
| | Скопје, 1 СИАБ, Културно информативен центар. |
| 1990 | Скопје, Изложба на дипломирани студенти од ФЛУ |
| | Скопје, Десет години од ФЛУ |

Проекти

| | |
|---|---|
| 1992 LUR | Белград- Србија, Дела од мал формат |
| 1993 LUR | Скопје, Парадоксот на странецот(перформанс) |

Наѓради

| | |
|---|---|
| 1996 | Скпоје, Награда на Икона на сребр, Втора годишна изложба на Сорос Центар за современи уметности. |



Издавач:Музеј на град Скопје,
за издавачот: Јован Шурбановски
организација:Атанас Ботев
текст:Горанчо Ѓорѓиевски
печати:Софија,тираж 300